**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**СПИ-1/21**
**18.01.2021 година**
**С к о п ј е**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP**
**SPI-1/21**
**viti 18.01.2021**
**Sh k u p**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/19 од 22.05.2019 година) **ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**, со седиште на бул. Гоце Делчев бр.4 во Скопје, контакт телефон 02/3120171, факс 02/5115-382, e-mail: osnovensudskopje2@osskopje2.mk и portparol@osskopje2.mk, преку Претседателот на судот Илир Сулејмани и службеното лице за посредување со информации од јавен карактер - Светлана Жупаноска, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за спроведување на ЗСПИЈК за 2020 година

(период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година)

### 1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

За службено лице за посредување со информации од јавен карактер беше определено лицето Сања Томиќ, вработена во судска служба, со звање советник, распоредена на работно место советник-портпарол, со Одлука 02-Су-1/20 од 08.01.2020 година, а се до 16.09.2020 година.

Со Одлука на судот Су-02-75/20 од 16.09.2020 година е определено лицето Светлана Жупаноска, вработена во судска служба на работно место - судски соработник, за службено лице за посредување со информации од јавен карактер. Со денот на донесувањето на оваа одлука, престана да важи Одлуката 02-Су-1/20 од 08.01.2020 година.

### 2. Број на примени барања;

Во текот на 2020 година, односно во период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година се примени вкупно **44** (четириесет и четири) барања за пристап до информации од јавен карактер.

### 3. Број на позитивно одговорени барања;

Бројот на позитивно одговорените барања изнесува **36** (триесет и шест).
Едно од овие барања е препратено на надлежност до Основен кривичен суд Скопје во еден дел, а во другиот дел е позитивно одговорено од страна на Основен граѓански суд Скопје.

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање, како и на повлечени и препратени на надлежност;**

Одбиени барања **нема.**

Отфрлени се вкупно **5** (пет) барања и тоа:

- Со решение СПИ-20/20 од 04.06.2020 година е отфрлено барање на барател без име и презиме, без адреса и место на живеење, само со e-mail адреса. Имено, барателот не го дополни барањето во пропишаниот рок од 3 дена од приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, со кое е поучен за последиците од непостапување, во смисла на член 17 став 1 од ЗСПИЈК;
- Со решение СПИ-23/20 од 22.10.2020 година е отфрлено барањето на барател И.Е. од Скопје од причина што по укажувањето од страна на службеното лице, истиот не го дополни соодветно барањето;
- Со решение СПИ-25/20 од 24.08.2020 година е отфрлено барање од барател М.П. од Скопје од причина што дополнително доставените податоци не се потполни и не може да се разгледува барањето и да се постапи по истото, односно да се изврши детална проверка и во уписниците во Одделот за оставински и вонпарнични предмети;
- Со решение СПИ-40/20 од 28.10.2020 година е отфрлено како недозволено барањето на барател В.У. од Скопје од причина што барателот е странка во судска постапка и своето право на увид и препис на списи од предметот може да го оствари согласно член 144 од Законот за парнична постапка и член 93 од Судскиот деловник. При тоа, во решението е потенцирано дека целта на ЗСПИЈК е да на физичките и правните лица им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, а која во никој случај не треба да се толкува во смисла на негова законски неоснована и несоодветна примена да преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, странката дополнително да бара преземање на процесни дејствија кои се веќе предвидени во други законски прописи;
- Со решение СПИ-47/20 од 24.12.2020 година е отфрлено како недозволено барањето на барател В.У. од Скопје со кое побара да му се дозволи да ги фотографира списите на предмет од 1993 година на Општински суд Скопје 1 Скопје, а од причина што согласно член 12 став 3 од ЗСПИЈК, јасно и децидно се наведени начините за пристап до информации од јавен карактер и тоа се: увид, препис, фотокопија или електронски запис, но не и фотографирање, како што побара подносителот на барањето.

**1**-едно барање е **повлечено** од страна на барателот.

**2**-две барања се **препратени на надлежност** и тоа едното до друг суд, а другото барање до стечаен управник.

**5. Број на неодговорени барања;**

Неодговорени барања нема. Имено, по сите барања за СПИЈК примени во овој суд во 2020 година е постапено и е одговорено.

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);**

Вложена е **1**-една жалба во однос на барање од барател В.У. од Скопје, примено во судот на 10.05.2019 г. кое било адресирано до стечаен управник, поради што било дадено на стечаен судија. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер не било информирано и запознаено навремено со барањето. Од таа причина барањето е заведено во СПИ уписник во 2020 година, откако од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е донесено решение бр.08-231 од 31.01.2020 година со кое е уважена жалбата и се наложува на имателот на информацијата да постапи по барањето. Со допис од 06.02.2020 година, овој суд го препрати барањето за СПИЈК до стечајниот управник како на имател на информацијата. На 02.06.2020 година до Агенцијата е поднесен приговор-жалба од барателот, бидејќи стечајниот управник на АД Топлификација Скопје во Стечај не му ги доставил бараните информации. Известување/произнесување на службеното лице во судот под СПИ-21/20 од 08.06.2020 година по овој приговор-жалба е доставен до Агенцијата на 09.06.2020 година. Во произнесувањето се наведува дека од страна на судот е постапено по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во целост е спроведено решението бр.08-231 од 31.01.2020 година, со негова исправка од 06.03.2020 година

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;**

Има **1**-една жалба која е усвоено со одлука на Агенцијата, погоренаведена. Со решение бр.08-231 од 31.01.2020 година, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ја уважи жалбата на подносителот В.У. и му се наложи на имателот на информацијата да постапи по барањето.

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата;**

Нема преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата.

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање;**

Нема одбиени жалби од Агенцијата.

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање;**

Со решение на Агенцијата под бр.08-743 од 05.03.2020 година, жалбата изјавена од А.И. од Скопје е отфрлена како недопуштена. Во образложението на решението се наведува дека барателот во конкретниот случај нема поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер согласно член 16 од ЗСПИЈК, туку поднел барање согласно надлежностите на Основниот граѓански суд Скопје.

**Скопје, 18.01.2021 година**

**Претседател на судот,**
**Ilir Sulejmani**

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер,**
**Светлана Жупаноска**